МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА

Примено: 10. 03. 2025

Орг. ед.

03 | 1207/1

**До: ЈРП „Македонска Радиотелевизија" - Скопје**
(имател на информацијата)

# БАРАЊЕ
## за пристап до информации од јавен карактер

Од: [redacted] тел [redacted]

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

- Листа на доделени донации и спонзорства од страна на вашето претпријатие во периодот од 01.01.2022-31.12.2024 година, со податоци за:
  - субјектот-примател на донацијата/спонзорството,
  - предмет на донацијата/спонзорството,
  - вредноста на донацијата/спонзорството,
  - датум на доделување на донацијата/спонзорството и
  - целта на донацијата/спонзорството?
- Како е извршен изборот на субјекти-приматели на донации и спонзорства во периодот од 01.01.2022 - 31.12.2024 година?
- Кој ја носи одлуката за доделување на донации и спонзорства во претпријатието?
- Дали имате интерен акт (правилник, процедури или др.) за доделување на донации и спонзорства? (Доколку имате, ве молиме доставете ни го/ги)
- Дали и каде се јавно објавени листите на доделени донации и спонзорства од страна на вашето претпријатие?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер) ______________________________________________

Во Скопје

Датум: 28.01.2025 година

МРТ

***МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА***
Бул. Гоце Делчев бб 1000 Скопје
***www.mrt.com.mk***

---

**До**
[redacted]
Е-маил: [redacted]

МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА
Примено: 14-03-2025
03 1707/5

Врз основа на член 20 и член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.весник на РСМ бр.101/2019) и согласно Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.весник на РСМ бр.60/2020), а во врска со Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер поднесено од барателот [redacted], а по добиено Решение од Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер донесено на 06.03.2025 заверено во МРТ под арх.бр.03-1707/3 од 10.03.2025 година, врз основа на член 8 став 3 од ЗСПИЈК, Овластеното службено лице на МРТ за посредување со информации од јавен карактер со Одлука на Директорот на МРТ бр.02-1232/1 од 18.02.2025 година го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

Врз основа на Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер [redacted] поднесено од [redacted], а по добиено Решение од Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер донесено на 06.03.2025 заверено во МРТ под арх.бр.03-1707/3 од 10.03.2025 година, во кое Барање барателот бара МРТ како имател на информации од јавен карактер да му ја достави како фотокопија, на е-маил следната информација од јавен карактер:

- Листа на доделени донации и спонзорства од страна на МРТ во периодот од 01.01.2022-31.12.2024 година, со податоци за:
    - Субјектот-примателот на донацијата/спонзорството,
    - Предмет на донацијата/спонзорството,
    - Вредноста на донацијата/спонзорството,
    - Датум на доделување на донацијата/спонзорството,
    - Целта на донацијата/спонзорството?
- Како е извршен изборот на субјекти-приматели на донации и спонзорства во периодот од 01.01.2022-31.12.2024 година?
- Кој ја носи одлуката за доделување на донации и спонзорства во ЈРП МРТ?
- Дали има интерен акт (правилник, процедури и др.) за доделување на донации и спонзорства? (доколку има да се достави)
- Дали и каде се јавно објавени листите на доделени донации и спонзорства од страна на ЈРП МРТ?

**СЕ ОДОБРУВА**

Во прилог на ова Решение, МРТ ги доставува следните барани информации, во бараната форма, на е-маил, и тоа:

- Од страна на МРТ не се доделени донации и спонзорства во периодот од 01.01.2022-31.12.2024 година.
- Во периодот од 01.01.2022-31.12.2024 година не е извршен избор на субјекти-приматели на донации и спонзорства во ЈРП МРТ.

- Во ЈРП МРТ не е донесена Одлука за доделување на донации и спонзорства во периодот 01.01.2022-31.12.2024 година.
- Во ЈРП МРТ нема донесено интерен акт за доделување на донации и спонзорства.
- Во ЈРП МРТ не се доделени донации и спонзорства во периодот од 01.01.2022-31.12.2024 година, поради тоа не се објавени листи за доделени донации и спонзорства.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

МРТ како имател на информации од јавен карактер, постапувајќи по Решение од Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер донесено на ден 06.03.2025 заверено во МРТ со арх.бр.03-1707/3 од 10.03.2025 година, во врска со Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted], донесе Решение во форма на управен акт согласно член 88 став 1 од ЗОУП, со кое го одобри пристапот до бараната инфомрација која ја поседува и со која располага.

Имено,

Согласно член 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (ЗСПИЈК): "иматели на информации се органите на државната власт и други органи и организации утврдени со закон, органите на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, установите и јавните служби, јавните претпријатија, правните и физичките лица што вршат јавни овластувања утврдени со закон и дејности од јавен интерес, политички партии во делот на приходите и расходите". Во конкретниот случај, МРТ како јавно радиодифузно претпријатие е субјект-имател на информации од јавен карактер.

Побараните информации содржани во поднесеното Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, согласно член 3 од ЗСПИЈК, спаѓаат во информации што ги создала или со која располага МРТ како имател на информации согласно со неговите надлежности.

Ниту една од побараните информации не претставува ниту еден исклучок од слободниот пристап до информации, наведени во член 6 од ЗСПИЈК.

Напоменуваме дека на предметното Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер МРТ-како имател на информации одговара по донесено Решение од Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, од причина што истото е поднесено во еден вакум период - 28.01.2025 година, кога во МРТ сеуште немаше назначено ново овластено службено лице за посредување со информаци од јавен карактер, по пензионирањето на претходното овластено службено лице –Марјан Анчевски. Ново одговорно лице е назначено на ден 18.02.2025 година со Одлука на Директорот на МРТ со арх. бр.02-1232/1.

Со оглед на сето претходно наведено, имателот на информации од јавен карактер-МРТ согласно член 21 став 1 и став 2 од ЗСПИЈК одлучи како во диспозитивот на ова Решение, и во прилог ги доставува побараните информации.

**Правна поука:** Барателот има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од приемот на решението, која може да ја достави преку МРТ или непосредно до Агенцијата,

**Имател на информации од јавен карактер**
**Јавно радиодифузно претпријатие**
**МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје**

Овластено службено лице
Наталија Пејоска
НП